МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# *Пред и постоперативна нега кај урошки пациент*

*ЈЗУ „Општа болница Охрид“*

*Клинички центар Љубљана – Клиника за урологија 08.03-25.03/2016г*

*Валентина Маркоска*

*Датум на презентација: 12.04.2016г*

www.moh.gov.mk

# Вовед

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Болничкиот оддел се состои од четири оддели – А, В, С и D, а располагаат и со оддел за интензивна нега на пациенти и оддел за интензивна нега на пациенти после трансплантација на бубрег.






Болничкиот оддел располага со 65 кревети, распределени во 21 болничка соба. Четирите болнички оддели меѓусебно се поврзни со заеднички работни простории: пултови за работа на сестрите, амбуланта за преврски, амбуланта за катетеризација, соба за спремање терпаија, купатила, соби за чист веш и други потребни работни простории.

# Работа на одделот

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Првиот ден бев запознаена со основните работи во болничкиот оддел, прием на пациенти, стандарди за хигиена, административни процедури и работните задачи на медицинските сестри.

Интензивната нега располага со десет кревети, засебно опремени со неопходните апарати за следење на постоперативните витални параметри на пациентот. Во интензивната нега пациентите остануваат **од 24ч до 7 дена** , во зависност од оперативниот зафат кој е извршен врз пациентот, од каде што се префрлаат на одделениото.





# Нега после трансплантација на бубрег



Пациентите со трансплантација на бубрег се сместуваат во посебна еднокреветна соба за интензивна нега, опремена со специјални апарати и опрема, потребни за постоперативниот третман и следење на пациентите после трансплантацијата.






# Работни задачи на сестрата

Работните задачи на одделот започнуваат со утринската визита на лекарскиот тим и медицинските сестри. После визитата, секој започнува со своите работни обврски на одделот на кој е распореден:

- спремање кревети,
- земање крв за лабораториски испитувања,
- преврски, испирање на катетри/нефростоми/цистостоми,
- делење на храна, делење терапија,
- припрема на пациенти за оперативен програм,
- превземање пациенти од интензивна нега.






*Пулт за спремање терапија и земање крв за лабораторија*

Јас земав учество во ативностите на медицинските сетри на одделот каде што бев распределувана од страна на мојата менторка.

Во текот на двете седмици имав можност да учествувам во работата на сестрите на сите четири оддели. На одделение прво се започнува со местење кревети и спремање на пациентите за визита.После визитата работните задачи продолжуват со делење терапија, преврски на пациентите,земање на крв за лабораториски испитувања,спремањена пациентите кои се за операција,делење храна и останатите потребни процедури околу пациентите.





*Преврска на пациенти со нефростома и цистектомија*

Деновите во интензивната нега, бев запознаена со работата на сестрите и земав активно учевество во истата:

- делење на терапија,
- мерење витални функциии,
- мобилизирање на пациентите и
- постојан надзор на оперираните пациенти.

Третата седмица, од страна на мојата менторка бев распределувана, по еден ден во:

- Симулативниот центар,
- оддел за цистоскопии,
- оперативен блок,
- оддел за ESWL и
- Поликлиника – уролошки амбуланти.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во симулативниот центар, каде што мојата менторка имаше предавање и практични  вежби за катетеризација на жени, земав активно учевесто со колешките од другите клиники.






Во одделот за цистоскопии приуствував на повеќе цистоскопски прегледи и се запознав со работата со флексибилниот цистоскоп, неговата примена, предности и оддржуваање

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА











# Операции и ESWL

Денот кога бев во оперативниот блок бев запознаена со операционите сали со кои располагаат, нивната поделеност и функционалност, прсуствува на следните операции:

- Laparoskopska partialna nephrektomija,
- TUR Tu.v.urinaria
- URS
- TUR P.

Во одделот за **ESWL** (Extracorporeal shock wave lithotripsy), присуствував и го следев текот на интервенцијата на два пациенти.





# Поликника – уролошки амбуланти

Последниот ден бев во поликлиниката во уролошките амбуланти, каде што се запознав со амбулантскиот дел и неговата работа. Располагаат со три амбуланти:

- амбуланта за први прегледи,
- амбуланти за контролни прегледи и
- амбуланта за хитни прегледи,
- мала операциона сала за помали интервенции,
- ЕХО на простата и земање на биопсии на простата,
- соба за цистоскопии,
- соба за преврски и делење терапии,

РТГ кабинет каде што се прават NU и IVU





Во амбулантаата земав учевество при земање биопсии на простата, цистоскопија и испирање кај пациенти со хематурија, давање на месечни инекции (Zoladex, Eligard и др.), преврски на пациенти, испирање на нефростоми и др.




РТГ Кабинет во уролошка амбуланта









# Заклучоци/Научени лекции

Во текот на мојот престој во клиничкиот центар посебен впечаток ми оставаи хиегиената која е на завидно ниво, организационата поставеност на работите и опременост на болницата со различни материјали и средства со кои располагаат во работата .
Покрај едукацијата, имав можност да присуствувам на две стручни предавања од областа на Трансплантација на органи од мозочно мртви донори, од кое се стекнав и со сертификат и предавање за Здрави на работно место – одржување на здрав скелетномускулен систем.

Благодарна сум на Министерстовото за здравство, кое ги овозможува овие обуки – можност за дополнителен професионален напредок во нашите области на работење.